# С О Д Р Ж И Н А


А-2 **ПОТЕКЛО НА СТОКА** . . . . 1

А-2-1 ОПШТО . . . . 1

А-2-2 НЕПРЕФЕРЕНЦИЈАЛНО ПОТЕКЛО. . . . 2

А-2-2-1 **Дефиниција на поимот-производи со потекло** . . . . 2

А-2-2-2 **Целосно добиени производи**. . . . 2

А-2-2-3 **Производи кои поминале низ последна, суштинска преработка или обработка** . . . . 2

А-2-2-4 **Текстил и производи од текстил кои се опфатени во Оддел XI на номенклатурата на Царинската тарифа** . . . . 2

А-2-2-5 **Непреференцијално потекло на резервни делови**. . . . 3

А-2-2-6 **Уверение за потекло** . . . . 3

А-2-2-7 **Докажување на потекло на стоката** . . . . 3

А-2-2-8 **Надлежни странски органи за издавање на уверение за потекло**. . . . 3

А-2-2-9 **Институции надлежни за надзор и мониторинг** . . . . 3

А-2-3 РАСПРЕДЕЛБА НА ТАРИФНИ КВОТИ ПО СИСТЕМОТ ПРВ ДОЈДЕН, ПРВ КОРИСНИК . . . . 4

А-2-3-1 **Законска основа** . . . . 4

А-2-3-2 **Систем на тарифни квоти** . . . . 4

А-2-3-3 **Поднесување на барање** . . . . 5

А-2-3-4 **Прифаќање на барање во царинска испостава**. . . . 6

А-2-3-5 **Прием и распределба на барање во Царинската управа** . . . . 8

А-2-3-6 **Користење на потврда за распределена царинска квота** . . . . 9

А-2-3-7 **Поништување на потврда за распределена тарифна квота** . . . . 11

**ПРИЛОГ 1 Надлежни странски органи за надзор и мониторинг**

**ПРИЛОГ 2 Барање за распределување на тарифни квоти**

**ПРИЛОГ 3 Инструкција за пополнување на барањето за тарифна квота**

**ПРИЛОГ 4 Список на земји членки на Светската трговска организација**

## А-2 ПОТЕКЛО НА СТОКА

## А-2-1 ОПШТО

Потекло на стоката е инструмент за спроведување на прописите од областа на надворешно-трговската политика.

Постојат два вида на потекло:

1. **Непреференцијално потекло, и**
2. **Преференцијално потекло**

Непреференцијалните правила за потекло се правила кои се користат за определување на земјата на потекло на стоката за примена на царинските давачки кои се применуваат за сите земји (на erga omnes основа).

Тие не **се поврзани** со преференцијалните правила содржани во Договорите за слободна трговија или автономните преференцијални правила содржани во Уредбата за спроведување на Царинскиот закон кои служат за примена на преференцијални царински давачки.

### 1. Непреференцијално потекло

Непреференцијалните правила за потекло имаат за цел да обезбедат:

1. примена на царинските давачки кои се применуваат за сите земји (на erga omnes основа).
2. примена на други мерки различни од тарифни мерки утврдени со прописите со кои се регулираат посебни области поврзани со трговија на стоки;
3. за примена на барањата за етикирање и ознака; и
4. изготвување и издавање на уверенија за потекло

**Подетално за непреференцијално потекло види А-2-2.**

### 2. Преференцијално потекло

Преференцијалното потекло на стоката се утврдува согласно правилата содржани во:

- Договорите за слободна трговија;
- Оддел 2 на Глава 2 на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон.
- Општиот систем на преференцијали.

Во однос на правилата за преференцијално потекло содржани во Оддел 2 на Глава 2 на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон, кои служат за примена на преференцијални царински давачки усвоени еднострано од Република Македонија за одредени земји, група на земји или територии, во моментот на изработка на ова упатство Република Македонија нема предвидено вакви преференцијални царински давачки. Согласно на ова, овие пропишани преференцијални правила не се применуваат.

Правилата на потекло кои се однесуваат на примана на Општиот систем на преференцијали се пропишуваат од страна на секоја земја посебно. Одредени земји на Република Македонија и имаат доделено преференцијални тарифни мерки во рамките на општиот систем на преференцијали, а обратно Република Македонија нема доделено вакви тарифни преференцијали при увоз на одредени производи со потекло од одредени земји. Издавањето на Уврение за потекло (форма А), кое служи како доказ на преференцијално потекло во рамки на Општиот систем на преференцијали е пропишано со *член 34* од Уредбата за за спроведување на Царинскиот закон.

**Подетално објаснување на преференцијалното потекло, пропишано со Договорите за слободна трговија, е наведено во Упатството за преференцијални договори (А-3).**

## А-2-2 НЕПРЕФЕРЕНЦИЈАЛНО ПОТЕКЛО

### А-2-2-1 Дефиниција на поимот - производи со потекло

За да се стекнат со непреференцијално потекло производите треба да бидат:

- целосно добиени производи во земјата, без употреба на увозни материјали или
- добиени во земјата кои вклучуваат и материјали без потекло но под услов производите да поминале низ последна, суштинска преработка или обработка

### А-2-2-2 Целосно добиени производи

Производите кои се сметаат за целосно добиени се наведени во *член 22* од Царинскиот закон. Генерално се работи за примарни производи (минерални производи извадени во таа земја, растителни производи набрани во таа земја, производи добиени од живи животни одгледани во таа земја, производи од лов или риболов извршен во таа земја итн).

### А-2-2-3 Производи кои поминале низ последна, суштинска преработка или обработка

Со *член 23* од Царинскиот закон е предвидено дека стоката чие производство се врши во повеќе од една земја, се смета дека потекнува од земјата каде што била подложена на нејзина последна, суштинска, економски оправдана преработка или обработка во облик опремен за таа намена која доведува до изработка на нов производ или претставува значајна фаза во таа изработка.

Според *член 13* од Уредбата како целосна обработка и преработка се смета обработката и преработката поради која производите се распоредуваат во тарифни броеви различни од оние во кои се распоредуваат материјалите без потекло.
Меѓутоа, за одредени производи наведени во Прилог 5 и Прилог 6 од Уредбата , само специфичните постапки наведени во колоната 3 од овие прилози се сметаат за целосни постапки на преработка без оглед дали се менува тарифниот број или не. Доколку истите се исполнети, се смета дека производот ги задоволува условите за стекнување непреференцијално потекло.
Начинот на примена на правилата од прилозите 5 и 6 од Уребата е опишана во воведните забелешки од Прилог 4 на Уредбата.

Меѓутоа производот не може да се стекне со непреференцијално потекло, независно од тоа дали е сменет тарифниот број доколку се извршени само операциите наведени во *член 14* од Уредбата. Генерално се работи за операции кои се сметаат за недоволни за да производот се стекне со непреференцијално потекло (пример: операции кои обезбедуваат сочувување на производите во добра состојба, проветрување, сортирање, класифицирање, замена на амбалажа, ставање на етикети итн.).

### А-2-2-4 Текстил и производи од текстил кои се опфатени во Оддел XI на номенклатурата на Царинската тарифа

Согласно *член 12* од Уредбата, за текстилот и производите од текстил кои се опфатени во Оддел XI на номенклатурата на Царинската тарифа, како целосна постапка на преработка определена во *член 13* од Уредбата се смета обработката или преработката за стекнување на потекло во согласност со *член 23* на Царинскиот закон.

**А-2-2-5 Непреференцијално потекло на резервни делови**

Според *член 17 (1)* од Уредбата, додатоци, резервни делови или алатки кои се испорачани заедно со опрема, машина, апарат или возило кои се дел од нивната стандардна опрема се сметаат дека го имаат истото потекло како таа опрема, машина, апатарат или возило.
Меѓутоа, за да се прифати потеклото на основните резервни делови тие не траба да влијаат на потеклото од Република Македонија или од земјата на производство.

**А-2-2-6 Уверение за потекло**

Како доказ за непреференцијално потекло се користи уверение за потекло (certificat of origin).
Согласно *член 30* од Уредбата, во Република Македонија надлежен орган за издавање на уверенија за потекло е Стопанската комора на Република Македонија. Уверението и барањето за издавање на уверението се изготвуваат на обрасци кои одговараат на примероците дадени во Прилог 7 од Уредбата.
Согласно *член 23* од Уредбата, кога при потеклото на производот се докажува или мора да биде докажано при увозот со приложување на уверение за потекло, треба да бидат исполнети следниве услови:

(а) уверението треба да е издадено од надлежен орган овластен за таа цел од земјата на издавање.

(б) уверението треба да ги содржи сите податоци неопходни за препознавање на стоката на кои се однесува, а особено:
- број на колети, нивниот вид, и ознаките и броевите кои ги носат,
- вид на производот,
- бруто и нето маса на производот, меѓутоа овие податоци можат да бидат заменети со други, како број или зафатнина, кога производот за време на превозот трпи значителни промени во масата или кога неговата маса не може да се утврди или вообичаено се идентификува со вакви податоци,
- име/назив на испраќачот,

(в) уверението недвосмислено потврдува дека производот на кој се однесува е со потекло од одредена земја.

**А-2-2-7 Докажување на потеклото на стоката**

Доколку со царинските или некои други прописи се пропише поднесување на некои документи за докажување на потеклото на стоката, царинските органи можат да бараат и дополнителни докази за потекло.

**А-2-2-8 Надлежни странски органи за издавање на уверение за потекло**

Во Прилог 1 на ова упатство се дадени некои странски надлежни органи определени за издавање на уверенија за потекло.

**А-2-2-9 Институции надлежни за надзор и мониторинг**

1. **Комитет за правила на потекло**, составен од Членките на Светската трговска организација, има за задача да консултира за примената на Спогодбата за правила на потекло и нејзините цели. Комитетот раководи со работната програма за усогласување на непрефернцијалните правила за потекло.
2. **Технички комитет за правила на потекло** е надвор од органите на Светската трговска организација. Истиот е составен дел од Светска царинска организација.

Мандатот на Техничкиот комитет е да го советува Комитетот за правилата за потекло за технички прашања и да врши соодветни работи во насока на понатамошно усогласување на правилата за потекло.

## А-2-3 РАСПРЕДЕЛБА НА ТАРИФНИ КВОТИ ПО СИСТЕМОТ ПРВ ДОЈДЕН, ПРВ КОРИСНИК

### А-2-3-1 Законска основа

Законска основа за примена на тарифни квоти за одредени стоки е следнава:

- Царински закон ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/05) со неговите дополнителни измени;
- Уредба за спроведување на царинскиот закон ("Службен весник на Република Македонија" бр.66/05) и нејзините измени (во понатамошниот текст: Уредба;
- Спогодба за трговија меѓу Владата на република Македонија и Сојузната Влада на Сојузна република Југославија ("Службен весник на Република Македонија" бр.56/96);
- Договор за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Хрватска ("Службен весник на Република Македонија" бр.28/97, 51/02, 100/02);
- Договор за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Бугарија ("Службен весник на Република Македонија" бр.83/99, 100/02);
- Договор за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција ("Службен весник на Република Македонија" бр.83/99);
- Договор за слободна трговија меѓу Република Македонија и Украина ("Службен весник на Република Македонија" бр.53/01);
- Спогодба за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските Заедници; ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/04, 31/04);
- Договор за слободна трговија меѓу Република Македонија и ЕФТА државите("Службен весник на Република Македонија" бр.89/01, 62/03);
- Договор за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Албанија ("Службен весник на Република Македонија" бр.47/02);
- Договор за слободна трговија меѓу Република Македонија и Романија ("Службен весник на Република Македонија" бр.52/03);
- Договор за слободна трговија меѓу Република Македонија и Молдова("Службен весник на Република Македонија" бр.77/04);
- Протокол за пристапување на Република Македонија кон СТО ("Службен весник на Република Македонија" бр.7/03);
- Одлука за начинот и постапката при распределбата на стоките во рамките на царинските квоти ("Службен весник на Република Македонија" бр.29/03 со нејзините дополнителни измени).

### А-2-3-2 Систем на тарифни квоти

1. Тарифна квота претставува одредена количина на стока која може да се увезе во одреден период со пониска царинска давачка или без плаќање на царина. Кога ќе се надмина таа количина, стоката може и понатаму да се увезува, но во тој случај се применува царинскта давачка која се применува за сите земји (на *erga omnes* основа) или предвидената преференцијална царинска давачка која е пропишана за надминатата количина со Договорите за слободна трговија.

   Во системот на тарифните квоти кои се распоредуваат според принципот прв дојден, прв корисник, поважни поими се следнива:

*Број на квота:* број доделен од Централната управа на Царинската управа на распределена тарифна квота кој се запишува во рубрика бр. 1 на Потврдата за распределена тарифна квота.

*Почетен датум / Конечен датум:* го определуваат периодот на важноста на квотата. Квотата може да се бара само во периодот на важност на квотата.

*На пример:* Со царинска декларација која е регистрирана на 31.12.2005 година, може да се бара користење на тарифна квота со важност од 01.10.2005 до 31.12.2005, но не може да се бара квота со важност од 01.01.2006 до 31.03.2006.

*Почетна количина:* вкупна количина на тарифната квота која може да се користи и која е објавена во Службен весник на Република Македонија.

*Преостана количина:* количина на тарифната квота која што е моментално на располагање за доделување.

*Статус:* критичен или некритичен. Критичниот статус е определен во член 218 од Уредбата.

Распределбата на стоките во рамките на тарифните квоти за преференцијален увоз согласно Договорите/Спогодбите за слободна трговија и Протоколот за пристапување на Р. Македонија во Светската трговска организација ја врши Централна управа на Царинската Управа на Република Македонија кога е пропишана распределба врз основа на принципот прв дојден, прв корисник.

За стоките за кои е пропишана распределба на тарифните квоти по пат на аукција, распределба ја врши Министерството за економија.

2. Листите на стоки за кои се предвидени тарифни квоти се објавуваат во Службен весник на Република Македонија.

3. За случаите кога се пропишани тарифни квоти во неограничена количина, не се применува постапката предвидена со ова упатство. Распределбата на тарифните квоти во овој случај се врши директно во царинските испостави со поднесување на соодветна царинска декларација и соодветен доказ за потекло. За овие случаи не се поднесува посебно барање за распределување на тарифни квоти.

**А-2-3-3 Поднесување на барање**

1. Барањето за распределба на тарифни квоти се поднесува на образецот даден во Прилог 2 на ова Упатство. Барањето си изготвува во два примерока.

   Барањата се поднесуваат секој работен ден од понеделник до петок. Во сабота, недела и државен празник не се поднесуваат барања за распределување на тарифни квоти.

2. Царинскиот декларант ги пополнува барањата во согласност со инструкцијата за пополнување дадена во Прилог 3 на ова Упатство. Барањата се поднесуваат во една од следниве надлежни царински испостави:

- Царинска испостава СКОПЈЕ (1010);
- Царинска испостава ТЕРМИНАЛ УВОЗ СКОПЈЕ (1013);
- Царинска испостава ЖЕЛЕЗНИЧКА СТАНИЦА ТРУБАРЕВО (1030);
- Царинска испостава КУМАНОВО (2010);
- Царинска испостава ШТИП (3010);
- Царинска испостава ЖЕЛЕЗНИЧКА СТАНИЦА ГЕВГЕЛИЈА - Отсек за стоково царинење (4020);

- Царинска испостава СТРУМИЦА (4050) ;

- Царинска испостава БИТОЛА (5010);

- Царинска испостава СТРУГА (5060).

3. Барање за распределување на тарифна квота може да се поднесе само доколку стоката е ставена на увид во надлежната царинска испостава и ако за неа е поднесена увозна царинска декларација (ЕЦД). За секоја **поединечна царинска декларација и за секоја поединечна тарифна ознака (на десет цифри) треба да се поднесе посебно барање**. Ако за една царинска декларација постојат повеќе тарифни ознаки, потребно е да се доставaт толку барања колку што има тарифни ознаки за кои се бара распределување на тарифна квота.

   *Пример: Ако е поденесено ЕЦД за увоз со 6-неименуванија, од кои за 4 тарифни ознаки (4 наименуванија) се предвидени тарифни квоти, потребно е да се поднесат 4 поединечни барања за распределување на тарифна квота.*

4. Барање за распределување на тарифни квоти може да се поднесе најрано на првиот работен ден од тековната година, или првиот работен ден од тековниот период за кој што е предвидена тарифна квота.

5. За стоките, кои во претходната календарска година се наоѓале во транзитна постапка, кои биле привремено чувани или кои се наоѓале во постапка на царинско складирање, може да се поднесе барање за распределување на тарифна квота за тековната календарска година.

**А-2-3-4 Прифаќање на барање во царинската испостава**

1. Царинските испостави:

- Царинска испостава СКОПЈЕ (1010);

- Царинска испостава ТЕРМИНАЛ УВОЗ СКОПЈЕ (1013);

- Царинска испостава ЖЕЛЕЗНИЧКА СТАНИЦА ТРУБАРЕВО (1030);

- Царинска испостава КУМАНОВО (2010);

- Царинска испостава ШТИП (3010);

- Царинска испостава ЖЕЛЕЗНИЧКА СТАНИЦА ГЕВГЕЛИЈА - Отсек за стоково царинење (4020);

- Царинска испостава СТРУМИЦА (4050);

- Царинска испостава БИТОЛА (5010);

- Царинска испостава СТРУГА (5060).

**се единствено надлежни царински испостави за прифаќање на барањата за распределување на тарифни квоти и за царинење на стоки за кои се користи тарифна квота**.

2. Царинската испостава може да го прифати поднесеното барање само ако се исполнети кумулативно (сите заедно) следниве услови:
- барањето да е поднесено заедно со царинската декларација најдоцна до 13 часот;
- да е поднесено посебно барање за секоја поединечна царинска декларација и за секоја поединечна тарифна ознака (на десет цифри) за која се бара распределување на тарифна квота;
- податоците кои се наведени во барањето да соодветствуваат на податоците од царинската декларација. Особено треба да се внимава руб. 8 (Примач), руб. 14 (Декларант/Застапник), руб.16 (Земја на потекло), руб. 33 (Тарифна ознака), руб. 36 (Преференцијали), руб. 41 (Количина во единица мера) и руб. 37 (Постапка) од

ЕЦД-то да бидат усогласени со рубриките 1, 2, 3, 4, 5 и 6 од Барањето за распределување на тарифна квота;
- барањето да биде правилно и целосно пополнето согласно инструкцијата за пополнување дадена во Прилог 3;
- во барањето да е наведена тарифна ознака за која е предвидена тарифна квота согласно листите објавени во Службен весник на Република Македонија;
- не постои известување од Централна управа на Царинската Управа дека тарифната квота е исцрпена;
- да е поднесен соодветен доказ за потекло и да се исполнети условите за негово прифаќање предвидени во соодветните Договори за слободна трговија или Протоколот за пристапување на Република Македонија во Светската трговска организација;

- ***За докажување на потекло за да може да се користи тарифна квота врз основа на Договорите за слободна трговија потребно е да се приложи доказ за потекло предвиден со соодветен Договор (уверение за движење ЕУР.1 или изјава во фактура)***
- ***За докажување на потекло при користење на тарифна квота за пченица врз основа на Протоколот за пристапување на Република Македонија во Светската трговска организациаја потребно е да се приложи уверение за непреференцијално потекло (certificat of origin) од соодветна земја членка на Светската трговска организација.***

- барањето е поднесено во работен ден (од понеделник до петок);

4. Ако е утврдено дека не е исполнет некој од горе наведените услови во долниот дел од барањето се запишува забелешка дека барањето се отфрла, односно се одбива и се наведуваат причините за одбивање. Забелешката се заверува со печат, се става факсимил и се потпишува, а барањето се враќа на подносителот.

Барањето се отфрла во случаите кога:

- барањето не е поднесено на пропишаниот образец;
- барањето е поднесено во царинска испостава која не е овластена за прием на барања за распределување на тарифна квота;
- барањето не е поднесено заедно со царинска декларација;
- поднесено е едно барање за повеќе царински декларации или едно барање за повеќе поединечни тарифни ознаки (на десет цифри) за кои се бара распределување на тарифна квота;
- податоците кои се наведени во барањето не соодветствуваат на податоците од царинската декларација (се наведува за кои податоци станува збор);
- барањето не е правилно и целосно пополнето согласно инструкцијата за пополнување дадено во прилог (се наведува за кои рубрики станува збор);
- барањето е поднесено во неработен ден (сабота, недела и државен празник).

Барањето се одбива во случаите кога:

- во барањето е наведена тарифна ознака за која не е предвидена тарифна квота согласно листите објавени во Службен весник на Република Македонија (во забелешката задолжително се наведува бројот на службениот весник)
- тарифната квота е претходно исцрпена (во забелешката задолжително се наведува бројот на известување од Царинската управа од точка 11 од дел **А-2-3-5** на ова Упатство)
- не е поднесен соодветен доказ за потекло, или не се исполнети условите за негово прифаќање предвидени во соодветните договори за слободна трговија (во забелешката се наведува за кој доказ за потекло и за кои услови станува збор на пример: директен транспорт, територијални услови и др.);

5. Ако се утврди дека се исполнети сите горенаведени услови се регистрира царинската декларација (со доделување на S - број) и се запишува бројот на регистрација на царинската декларација и датумот во рубриката 8 од барањето на распределување на тарифни квоти, а во рубриката 9 се става печат и факсимил и се потпишува. Еден примерок од барањето (примерокот за испраќање во Централна управа на Царинската управа) се задржува во посебна папка, а другиот примерок заедно со царинската декларација се предава на царинските службеници кои се задолжени за проверка на документите и преглед на стоките.

6. Примероците од барањата предвидени за испраќање во Царинската управа се испраќаат по факс до Царинската управа. Сите барања поднесени кон царинските декларации кои се регистрирани во еден работен ден **ЗАДОЛЖИТЕЛНО МОРА** да се испратат по факс во Царинската управа. **Испраќањето треба да се врши веднаш по извршената проверка во периодот од 10:30 до 14:00 часот**. **Се забранува регистрација на царински декларации за кои се бара распределување на тарифни квоти подоцна од 14:00 часот**. За да се овозможи континуирана обработка на барањата во Царинската управа и за да се избегне преоптоварување на линиите не смее да се чека крајот на работното време за да се испратат сите барања одеднаш. Барањата за распределба треба да се испраќаат во Царинската управа без оглед на тоа дали е завршена проверка на документите и прегледот на стоките (освен проверката на условите од точка 2 од дел А-2-3-4 на ова упатство).

7. Се смета дека барањето за распределба на тарифна квота е уредно испратено и прифатено од страна на Царинската управа кога од факсот ќе се добие потврда дека факс пораката е правилно испратена.

8. По испраќањето на **СИТЕ** барања за тарифни квоти за тој работен ден, се изготвува финален извештај за сите поднесени барања за тарифни квоти.
**ФИНАЛНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗАДОЛЖИТЕЛНО МОРА ДА СЕ ИСПРАТИ** по факс во Централната управа на Царинска управа најдоцна до **14:00** часот.

9. Барањата за распределување на тарифна квота за сите регистрирани декларации во еден работен ден **ЗАДОЛЖИТЕЛНО МОРА ДА БИДАТ ИСПРАТЕНИ ВО ИСТИОТ РАБОТЕН ДЕН** по факс во Царинската Управа или истите треба да бидат отфрлени, односно одбиени согласно точка 4 од дел **А-2-3-4**.

## А-2-3-5 Прием и распределба на барање во Царинската управа

1. Прием на барањата испратени од царинските испостави преку факс во Царинската Управа се врши непрекинато со регистрирање на датумот на приемот на секоја факс порака.

2. Обработувањето на барањата во Царинската управа се врши секој работен ден (од понеделник до петок), а по исклучок барањата може да се обработат и наредниот ден но не подоцна од 10:00 часот (во случај на елементарна погода, недостаток на електрична енергија и сл.).

3. Одговорните царински службеници во Царинската управа треба сите добиени барања во текот на работниот ден (од 10:30 до 14:00 часот) континуирано да ги обработуваат, а потоа да ги сортират прво по земја, а потоа по тарифна ознака.

4. По приемот и обработката на сите барања во текот на еден работен ден треба да се започне со распределба на царинските квоти во **15:00** часот. При распределбата ќе се евидентира бројот на распределена тарифна квота кој се запишува во рубрика бр.1 од Потврдата за распределена тарифна квота.

5. **Сите поднесени барања во текот на еден календарски ден подеднакво конкурираат за распределба на преостанатата тарифна квота. Ако вкупната количина на соодветна стока од барањата по поединечен ден ја надминува преостанатата тарифна квота распределбата на тарифната квота се врши во сразмерни делови** за секое поединечно барање во зависност од количината која што била барана.

6. По извршената распределба на тарифната квота одговорниот царински работник во Централна управа на Царинската управа ја пополнува потврдата за распределена тарифна квота, става печат и факсимил и се потпишува.

7. Во случаите кога вкупната количина на стока од барањата по поединечен ден ја надминува преостанатата нераспределена тарифна квота и заради тоа барањето е делумно прифатено ќе се евидентира бројот на одбиена распределба на тарифна квота за делот од бараната количина која е одбиена и која се добива согласно точка 5 од дел **А-2-3-5**. Во долниот дел од барањето се запишува забелешка дека барањето делумно се одбива заради исцрпување на тарифната квота (бројот на одбивање и одбиената количина задолжително треба да се наведат). Забелешката се заверува со печат, факсимил и се потпишува.

8. По извршената распределба на царинските квоти се изготвува дневен извештај за состојбата по листите на тарифни квоти. Дневните извештаи се архивираат и објавуваат на интернет страната на Царинската управа www.customs.gov.mk. Во тековниот ден може да се види состојбата на преостаната количина од претходниот ден за секоја пропишана тарифна квота по земји.

9. Централна управа на Царинската управа изготвува и дневен збирен извештај за распределни квоти по увозници кој го доставува до царинските испостави. Царинските испостави се должни на почетокот на работниот ден јавно да го истакнат добиениот извештај на огласна табла.

10. Одговорниот царински службеник во Централна управа на Царинската управа е должен најдоцна до 10:30 часот во следниот ден да ги испрати по факс потврдите за распределена тарифна квота во секоја царинска испостава во која стоките треба увозно да се царинат. Потврдите заедно со извештајот од точка 9 од дел **А-2-3-5** се испраќаат во соодветната царинска испостава по пошта. Копија од потврдите за распределени тарифни квоти се архивираат во Царинската управа сортирани прво по земја, а потоа по тарифна ознака по редоследот на нивно издавање.

11. Централна управа на Царинската управа задолжително треба по факс најдоцна до 8:30 часот да ги извести царинските испостави за царинските квоти чии количини се исцрпени во текот на претходниот ден.

12. Ако во Централна управа на Царинската управа се добијат барања за стоки за кои тарифната квота е претходно искористена потребно е да се прецрта делот на потврдата, а во долниот дел од барањето да се запише дека барањето се одбива бидејќи квотата е претходно исцрпена согласно бројот на известување од точка 11 од дел**А-2-3-5** и одговорното лице да стави печат и факсимил и да се потпише.

**А-2-3-6** **Користење на потврда за распределена тарифна квота**

1. Потврдата за распределена тарифна квота од Централна управа на Царинската управа на Република Македонија може да се искористи за:

- добивање на преференцијален царински третман кој што е предвиден во соодветните договори за слободна трговија (примена на царинска давачка слободно или плаќање на увозни давачки во помал износ),
- користење на тарифна квота за пченица која е предвидена со Протоколот за пристапување на Република Македонија во Светската трговска организација.

2. Потврдата за распределена тарифна квота од Централна управа на Царинската управа може да се искористи ако од проверката на документите, односно од прегледот на стоките се утврди дека се работи за декларираната стока, за декларираниот тарифен број и за декларираното потекло на стоките. Со добиената потврда за распределена тарифна квота не се определуваат видот, тарифниот број и потеклото на стоката и овие елементи треба да бидат утврдени во редовна постапка при царинењето на стоката во царинската испостава.

3. Постапката на проверка на докуметните и на преглед на стоките се врши пред добивање на потврдата за распределување на тарифна квота. Царинската испостава **НЕ СМЕЕ да ги пушти стоките во слободен промет без да добие потврда по факс за распределена тарифна квота** и без да ја заврши потребната постапка за царинење на стоките (на пример проверка на документите и преглед на стоките), **ОСВЕН :**

   а. Кога се поднесува барање за тарифна квота за пченица согласно Договорите за слободна трговија и Протоколот за пристапување на Република Македонија во Светската Трговска организација.
   Во овој случај согласно член 218 (1) од Уредбата за спроведување на Царинскит закон се додека тарифната квота не е **КРИТИЧНА** односно не се искористени 75% од почетната количина, стоката може да се пушти во слободен промет без претходно да е добиена по факс потврдата за распределена тарифна квота од Царинска управа.

   *б.* Кога царинската испостава на **БАРАЊЕ** на декларантот прифатила непотполна декларација, како вид на поедноставена постапка во согласност со упаство 07-11788/1 од 25.11.2005 година.
   Во овој случај стоката може да се пушти во слободен промет без претходно да е добиена по факс потврдата за распределена тарифна квота од Царинска управа.
   За примена на непотполна декларација се применува дел А-6-1-2 од Упатството за поедноставени постапки бр. 07-11788/1 од 25.11.2005 година.
   ***При поднесување на непотполна декларација ЗАДОЛЖИТЕЛНО треба да биде поднесена гаранција за обезбедување на царинскиот долг.*** Во овој случај кога стоката се пушта во слободен промет а стоката не се квалификува (целосно или делумно) за користење на тарифна квота, царинскиот долг се наплатува од гаранцијата.

***Добиената потврда за распределба на тарифната квота се приложува кон соодветната декларација по што декларацијата се дели и примерок од царинската декларација се врачува на подносителот на царинската декларација.***
***Оригиналната потврда за распределена тарифна квота се спојува со барањето кое е архивирано во посебна папка.***

4. Потврдата за распределена тарифна квота може да се искористи најдоцна до последниот работен ден од годината за која царинските квоти се определени или последниот работен ден од тековниот период за кој што е предвидена тарифна квота

5. ***Царинскиот службеник во испоставата во рубрика 39 (Квоти) од царинската декларација и во комјутерскиот систем ASYCUDA го запишува бројот на квотата доделен од Централната управа на Царинската управа за распределената тарифна квота кој е запишан во рубрика бр. 1 на Потврдата за распределена тарифна квота.***

   **Пример: П39216**

6. Добиената потврда за распределена тарифна квота преку факс треба да се ископира со цел во царинската декларација да се задржи примерок кој ќе биде траен и кој нема да бледнее.

**А-2-3-7 Поништување на потврда за распределена царинска квота**

1. Во случај кога од прегледот на царинските документи, односно од прегледот на стоката ќе се утврди дека не се работи за соодветен тарифен број или дека не се работи за декларираното потекло на стоката царинската испостава ќе го суспендира (одложи) користењето на потврдата за распределена тарифна квота, врз основа на изготвениот записник за наод, се до донесување на конечна одлука. Истото треба да биде наведено во вид на забелешка на потврдата за распределена тарифна квота и за тоа треба да се извести Централна управа на Царинската Управа на Република Македонија. По донесување на конечната одлука (доколку декларантот се сложи со наодите во записникот или со добивање на конечно решение во управна постапка) со која се утврдува дека не се работи за соодветен тарифен број или дека не се работи за декларираното потекло потребно е издадената потврда да се поништи (делумно или целосно) од страна Централна управа на на Царинската управа.

2 Во случај кога врз основа на дополнителна проверка на царинската декларација ќе се утврди дека е искористена потврда за распределена тарифна квота врз основа на погрешно определен тарифен број или погрешно определено потекло на стоките, а за истото ќе се добие конечно решение во управна постапка кое е во целост извршено, потребно е издадената потврда да се поништи (делумно или целосно) од страна на Централна управа на Царинската управа.

3. Во случај кога заради определени причини постапката започната со царинската декларација за која е добиена потврда за распределена тарифна квота нема да заврши со пуштање на стоките во слободен промет, а за предметната стока се определи друг вид на царински дозволена употреба или користење на стоката (на пример ако дојде до поништување на царинската декларација, а стоките се вратат во странство, се уништат под царински надзор итн), истото треба да се наведе во вид на забелешка на потврдата за распределена тарифна квота и за тоа да се извести Централна управа на Царинската Управа на Република Македонија. Издадената потврда за распределена тарифна квота потребно е да се поништи (делумно или целосно) од страна на Централна управа на Царинската управа.

4. Посебно овластено одговорно лице во Царинската управа може да поништи издадена потврда за распределена царинска стока за случаите наведени во точка 1 од дел **А -2-3-7**, 2 од дел **А-2-3-7** и 3 од дел **А-2-3-7** од ова Упатство единствено врз основа на приложени докази од кои може да се докаже дека предметната потврда не е искористена (царинска декларација или конечно решение поткрепени со записник за наод, изјава од декларантот и други документи за докажување).

***Поништувањето може да се изврши само ако датумот на конечното решение не го надминува периодот на важност на тарифната квота.***

**ПРИЛОГ 1**

## НАДЛЕЖНИ СТРАНСКИ ОРГАНИ ЗА НАДЗОР И МОНИТОРИНГ

**Аргентина**
- Secretaria de Industria y Comercio Exterior

**Азербејџан**
- Republic of Azerbaijan Chamber of Commerce and Industry Association "Azerexpertiza"

**Босна и Херцеговина**
- Chamber of Economy of Bosnia and Herzegovina

**Бангладеш**
- "Export Promotion Bureau te Dhaka, Chittagong, Narayangonj" -

**Бразил**
- Departemento Tecnico de Intercambio Comercial (DTIC) da Secretaria de Comércio Exterior (SECEX)

**Ерменија**
- LTD "Expertiza" of the Chamber of Commerce and Industry of the Republic of Armenia

**Камбоџа**
- Ministry of Commerce Trade Preferences System Division

**Кина**
- Ministry of Foreign Trade and Economic Cooperation of the People's Republic of China
- Quota & Licence Administative Bureau Ministry of Foreign Trade and Economic Cooperation;
- Beijing Foreign Economic Relations & Trade Commission;
- Tianjin Commission of Foreign Economic Relations and Trade;
- Heibei Foreign Trade & Economic Cooperation Bureau;
- Shanxi Foreign Economic Relations and Trade Bureau;
- Inner Mongalia Autonomous Region Foreign Economic;
- Liaoning Provincial Foreign Trade and Economic Cooperation Department;
- Jilin Provincial Foreign Trade Commission;
- Heilongjiang Provincial Commission of Foreign Economic Relations and Trade;
- Shanghai Foreign Economic Relations and Trade Commission;
- Jiangsu Provincial Foreign Economic Relations and Trade Department;
- Foreign Trade and Economic Cooperaion Bureau of Zhejing Provincial People's Government;
- Bureau of Foreign Trade and Economic Cooperation of Anhui Province;
- Fujian Provincial Foreign Economic Relations and Trade Commission;
- Jiangxi Provincial Foreign Economic Relations and Trade Department;
- Shandong Provincial Commission of Foreign Economic Relations and Trade;
- Henan Foreign Economic Relations and Trade Commission;
- Hubei Foreign Economic Relations and Trade Commission;
- Hunan Provincial Foreign Economic Relations and Trade Commission;
- The Commission of Foreign Economic Relations and Trade of Guangdong Provincial;
- The Foreign Trade & Economic Cooperation Bureau of Guangxi;
- Sichuan Provincial Government Commission of Foreign Trade & Economic Cooperation;
- The Foreign Economic Relations and Trade Bureau of Guizhou Province;
- The Foreign Economic Relations and Trade Bureau of Yunnan Province;

- The Department of Foreign Trede and Economic Cooperation of Tibet Autonomous Region;
- Shaanxi Provincial Department of Foreign Economic Relations and Trade;
- Gansu Foreign Trade & Economic Cooperation Department;
- Quinghai Foreign Economic Realtions and Trade Department;
- Foreign Trade and Economic Cooperation Bureau Ningxia Hui Autonomous Region;
- Xinjiang Foreign Economic Relations and Trade Committee;
- Chongoing Foreign Economic Relations and Trade Commission;
- Wuhan Foreign Economic Relations and Trade Commission;
- Dalian Foreign Economic Relations and Trade Commission;
- Shenyang Municipal Commission of Foreign Economic Relations & Trade;
- Harbin Foreign Economic Relations and Trade Commission;
- Guangzhou Foreign Economic Relations and Trade Commission;
- Xian Municipal Foreign Economic Relations and Trade Commission;
- Qingdao Municipal Commission of Foreign Economic Relations and Trade;
- Ningbo Municipal Commission of Foreign Trade & Economic Cooperation;
- Trade Department of Hainan Province North Longkun Road;
- Xiamen Municipal Foreign Economic Affairs and Trade Commission;
- Shenzen Municipal Government Trade Development Bureau;

**Филипини**
- Garments and Textile Export Board

**Грузија**
- Department of Foreign Trade, Analyse and Forecast of the Ministery of Economy, Industry and Trade of Georgia

Hongkong
- Trade Department
- The Hong Kong General Chamber of Commerce
- The Chinese Manufacturers' Association of Hong Kong
- Federation of Hong Kong Industries
- The Indian Chamber of Commerce, Hong Kong
- The Chinese General Chamber of Commerce

**Индија**
- The Cotton Textiles Export Promotion Council (TEXPROCIL)
- Apparels Export Promotion Council
- office of the Development Commissioner (Handicrafts), Ministery of Textiles
- Textiles Committee
- The Synthetic and Rayon Textiles Export Promotion Council (SRTEPC)
- Wool and Woollens Export Promotion Council

**Индонезија**
- Provincial Trade Officers – Ministry of Industry and Trade
- PT (Persero) Kawasan Berikat Nusantara (KBN) (Nusantara Bounded Zone): Jakarta – Utara, Bekasi, Bogor, Cikampek, Semarang, Bangil, Mojokerto Medan, Riau
- Industrial Development Authority of Batam Island

**Казахстан**
- Centers for Standardization, metrology and Certification – State Organization for Standardization, metrology and certification – (Satestandard/Gosstandard)

**Киргистан**
- The Ministry of Industry and Trade of Kyrgyz Republic

**Хрватска**
- Crotian Chamber of Economy

**Лаос**

- Foreign Trade Department Ministry of Commerce
- Lao National Chamber of Commerce and Industry

**Макао**
- Direccào dos Serviços de Economia (Macau Economic Services) Government of the Macau Special Administration Region

**Малезија**
- Ministry of International Trade and Industry (MITI)

**Мексико**
- Secretaria de Comercio Y Fomento Industrial (SECOFI) Subsecretaia de Normatividad y Servicios a la Industria y al Comercio Exterior Dirección General de Servicios al Comercio Exterior

**Молдова**
- Ministry of Economy

**Монголија**
- Mongolian Chamber of Commerce and Industry

**Непал**
- Ministry of Industry, Commerce and Supplies Department of Commerce

**Украина**
- Chamber of Commerce and Industry of Ukraine

**Узбекистан**
- Belarussian Chamber of Commerce and Industry Minsk, Brest, Gomel, Grodno, Mogilev, Vitebsk

**Пакистан**
- Export Promotion Bureau
  Karachi, Gujranwala, Hyderabad, Quetta, Lahore, Sialkot, Faisalabad, Peshawar, Islamabad, Multan;
- Karachi Export Processing Zone (Ministry of Industries and Production) Textile Quota Management Directorate, Karachi, Faisalabad, Sialkot, Multan

**Перу**
- Direccion Nacionales de Industrias
- Ministerio de Industria, Turismo, Intégracion y Negociaciones Commerciales Internacionales (MITINCI)

**Руска Федерација**
- Chamber of Commerce and Industry of the Russian Federation, Moscow and regional offices: Nizhnji Novgorod, Nizhegorodsky Region; Ekaterinburg, ural region; Krasnodar Region; Murmansk, Severnaia Region; Tver; Saint Petersburg; Kaliningrad, Kaliningradskaya Region; Orel; Barnaul, Altai Region; Voroneg, Tsentralno-Chemoziomnaia Region

**Сингапур**
- Singapore Trade Development Board

**Шри Ланка**
- Ministry of Industrial Development
- Board of Investment of Sri Lanka

**Таџикистан**
- Chamber of Commerce and Industry of the Republic of Tajikistan

**Тајланд**
- Bureau of Import-Export Certification, Nonthaburi 11000 Department of Foreign Trade
- Office of Foreign Trade, Chiangmai 50000

**Тајван**
- Taiwan Textile Federation

**Туркменистан**
- Ministery of Trade and Foreign Economic Relations

**Обединети Арапски Емирати**
- Ministry of Economy and Commerce

**Виетнам**
- Vietnam Chamber of Commerce and Industry

**Белорусија**
- Belarussian Chamber of Commerce and Industry

**Severna Koreja**
- Ministry of Commerce, Industry and Energy

**ПРИЛОГ 2**

**БАРАЊЕ ЗА РАСПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ТАРИФНИ КВОТИ**

<table>
<tr><td colspan="2">1. УВОЗНИК Бр.</td><td rowspan="2">3.ПОДНОСИТЕЛ НА БАРАЊЕ Бр.<br><br>одговорно лице (м.п)</td></tr>
<tr><td colspan="2">2. ДОГОВОР ЗА СЛОБОДНА ТРГОВИЈА (ЗЕМЈА)<br><br>или<br><br>ПЧЕНИЦА (СТО) (ЗЕМЈА)</td></tr>
<tr><td>4. ЕДИН. МЕРА</td><td>5.КОЛИЧИНА</td><td>6.ТАР. ОЗНАКА (десет цифри)</td></tr>
<tr><td colspan="3">7.ОПИС</td></tr>
<tr><td colspan="2">8. БР. на ЕЦД и ДАТУМ</td><td>9. ЦАРИНСКА ИСПОСТАВА НА УВОЗНО ЦАРИНЕЊЕ<br><br>одговорно лице (м.п)</td></tr>
</table>

**ПОТВРДА ЗА РАСПРЕДЕЛЕНА ТАРИФНА КВОТА**

<table>
<tr><td>1. Број</td><td>2. Датум</td><td>3. Тар. ознака</td><td>4. Един. мера</td><td>5. Количина</td></tr>
<tr><td colspan="5"><br><br>Одговорен царински службеник (м.п)</td></tr>
</table>

**ЗАБЕЛЕШКА: БАРАЊАТА КОИ НЕ СЕ ЦЕЛОСНО ПОПОЛНЕТИ ЌЕ БИДАТ ОТФРЛЕНИ**

**СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ ТАКСИ Е НАПЛАТЕНА АДМИНИСТРАТИВНА ТАКСА ПО ТАРИФЕН БРОЈ 1 И ТАРИФЕН БРОЈ 7**

**ПРИЛОГ 3**

## ИНСТРУКЦИЈА ЗА ПОПОЛНУВАЊЕТО НА БАРАЊЕТО ЗА ТАРИФНА КВОТА

Рубриките се пополнуваат со машина за пишување или печатар. Образецот не смее да содржи бришани податоци или допишувања.

Рубриките означени со број 1, 2, 3, 4, 5, 6 и 7 се пополнуваат од страна на подносителот на барањето, додека рубриките означени со број 8 и 9 се пополнуваат од контролорот за тарифни квоти во царинската испостава во која се поднесува барањето. Рубриките означени со број 1, 2, 3, 4 и 5 во Потврдата за распределена тарифна квота се пополнуваат од одговорното лице во Царинската Управа.

**Рубриките кои ги пополнува подносителот на барањето се пополнуваат на следниот начин:**

Рубрика 1 - Се запишува назив и адреса на увозникот. Во десниот горен агол после ознаката "Бр."се запишува даночниот број на увозникот.

Рубрика 2 - Се запишува земјата/земјите од соодветниот Договор за слободна трговија, односно земјата членка на Светската трговска организација за користење на тарифна квота за пченица по основ на Протоколот за пристапување на Република Македонија во Светската трговска организација.

Рубрика 3 - Се запишува назив и адреса на подносителот на барањето (увозникот или неговиот застапник), име и презиме и потпис на одговорното лице подносителот на барањето. Во десниот горен агол после ознаката "Бр."се запишува даночниот број на подносителот. Оваа рубрика подносителот ја оверува со печат.

Рубрика 4 - Се запишува задолжителната единица на мера од Одлуката за распоредување на стоките на формите на извоз и увоз.

Рубрика 5 - Се запишува количината на стоките изразена во задолжителната единица на мера, заокружена на две децимални места.

Рубрика 6 - Се запишува тарифната ознака (со десет цифри) на стоките опишани во рубрика 7. Во оваа рубрика се запишува само една тарифна ознака.

Рубрика 7 - Се запишува вообичаениот трговски назив на стоката и податоци потребни за идентификација и распоредување на стоката според Царинската тарифа.

**Рубриките кои ги пополнува царинскиот орган се пополнуваат на следниот начин:**

Рубрика 8 - Се запишува регистарскиот број (S - бројот) и датумот на регистрација на царинската декларација кон која е поднесено барањето за распределување на тарифни квоти. Датумот на регистрација мора да биде идентичен со датумот од потврдата добиена од факс от кај царинската испостава кај која барањето е поднесено со која се потврдува дека барањето како факс порака е правилно испратено во Царинската управа.

Рубрика 9 - Се запишува шифра од кодексот на шифри за царинарници и нивни организациони единици и името на царинската испостава кај која се поднесува барањето, име и презиме и потпис на одговорниот царински службеник. Оваа рубрика царинскиот службеник ја оверува со печат.

**Забелешка: Барањата кои не се целосно и правилно пополнети ќе бидат отфрлени**

**ПРИЛОГ 4**

**СПИСОК НА ЗЕМЈИ ЧЛЕНКИ НА СВЕТСКА ТРГОВСКА ОРГАНИЗАЦИЈА**
( датумите се однесуваат на денот на пристапување кон членство во СТО )

**Албанија** 8 Септември 2000
**Ангола** 23 Ноември 1996
**Англија** 1 Јануари 1995
**Антигва и Барбуда** 1 Јануари 1995
**Аргентина** 1 Јануари 1995
**Армениа** 5 Февруари 2003
**Австралија** 1 Јануари 1995
**Австрија** 1 Јануари 1995
**Соединети Американски Држави** 1 Јануари 1995
**Кралство Бахреин** 1 Јануари 1995
**Бангладеш** 1 Јануари 1995
**Барбадос** 1 Јануари 1995
**Белгија** 1 Јануари 1995
**Белизе** 1 Јануари 1995
**Бенин** 22 Февруари 1996
**Боливија** 12 Септември 1995
**Боцвана** 31 Мај 1995
**Бразил** 1 Јануари 1995
**Брунеи** 1 Јануари 1995
**Бугарија** 1 Декември 1996
**Буркина Фасо** 3 Јуни 1995
**Бурунди** 23 Јули 1995
**Брег на слонова коска** 1 Јануари 1995
**Венецуела** 1 Јануари 1995
**Габон** 1 Јануари 1995
**Гамбиа** 23 Октомври 1996
**Германија** 1 Јануари 1995
**Гана** 1 Јануари 1995
**Грција** 1 Јануари 1995
**Гренада** 22 Февруари 1996
**Гватемала** 21 Јули 1995
**Гвинеја** 25 Октомври 1995
**Гвинеја Бисау** 31 Мај 1995
**Гвајана** 1 Јануари 1995
**Демократска Република Конго** 1 Јануари 1997
**Данска** 1 Јануари 1995
**Доминика** 1 Јануари 1995
**Доминиканска Република** 9 Март 1995
**Еквадор** 21 Јануари 1996
**Египет** 30 Јуни 1995
**Ел Салвадор** 7 Мај 1995
**Естонија** 13 Ноември 1999
**Европски Заедници** 1 Јануари 1995
**Замбија** 1 Јануари 1995
**Зимбабве** 5 Март 1995
**Исланд** 1 Јануари 1995
**Индија** 1 Јануари 1995
**Индонезија** 1 Јануари 1995
**Ирска** 1 Јануари 1995
**Израел** 21 Април 1995
**Италија** 1 Јануари 1995
**Јужна Африка** 1 Јануари 1995
**Јамајка** 9 Март 1995
**Јапонија** 1 Јануари 1995
**Јордан** 11 Април 2000
**Камбоџа**13 Октомври 2004
**Камерун** 13 Декември 1995
**Канада** 1 Јануари 1995
**Катар** 13 Јануари 1996
**Кенија** 1 Јануари 1995
**Република Кореа** 1 Јануари 1995
**Кувајт** 1 Јануари 1995
**Киргистан** 20 Декември 1998
**Кина** 11 Декември 2001
**Колумбија** 30 Април 1995
**Конго** 27 Март 1997
**Коста Рика** 1 Јануари 1995
**Куба** 20 Април 1995
**Кипар** 30 Јули 1995
**Кинески Таипеј** 1 Јануари 2002
**Латвија** 10 Февруари 1999
**Лесото** 31 Мај 1995
**Лихтенштаин** 1 Септември 1995
**Литванија** 31 Мај 2001
**Луксембург** 1 Јануари 1995
**Република Македонија** 4 Април 2003
**Макао, Кина** 1 Јануари 1995
**Мадагаскар** 17 Ноември 1995
**Малави** 31 Мај 1995
**Република Македонија** 4 Април 2003
**Малезија** 1 Јануари 1995
**Малдиви** 31 Мај 1995
**Мали** 31 Мај 1995
**Малта** 1 Јануари 1995
**Мауританија** 31 Мај 1995
**Маурициус** 1 Јануари 1995
**Мексико** 1 Јануари 1995
**Молдавија** 26 Јули 2001
**Монголија** 29 Јануари 1997
**Мароко** 1 Јануари 1995
**Мозамбик** 26 Август 1995
**Мјанмар** 1 Јануари 1995
**Намибија** 1 Јануари 1995
**Нов Зеланд** 1 Јануари 1995
**Никарагва** 3 Септември 1995
**Нигер** 13 Декември 1996
**Нигерија** 1 Јануари 1995
**Норвешка** 1 Јануари 1995
**Оман** 9 Ноември 2000
**Обединети Арабски Емирати** 10 Април 1996
**Пакистан** 1 Јануари 1995
**Панама** 6 Септември 1997
**Папуа Нова Гвинеја** 9 Јуни 1996
**Парагвај** 1 Јануари 1995
**Перу** 1 Јануари 1995
**Полска** 1 Јули 1995
**Португалија** 1 Јануари 1995
**Романија** 1 Јануари 1995
**Руанда** 22 Мај 1996
**Саудиска Арабија** 11 Декември 2005
**Св.Китс и Невис** 21 Февруари 1996
**Св.Лучиа** 1 Јануари 1995
**Св.Винсент и Гренадин** 1 Јануари 1995
**Сенегал** 1 Јануари 1995
**Сиера Леоне** 23 Јули 1995
**Сингапур** 1 Јануари 1995
**Словачка Република** 1 Јануари 1995
**Словенија** 30 Јули 1995
**Соломонски Острови** 26 Јули 1996
**Суринам** 1 Јануари 1995
**Свазиленд** 1 Јануари 1995
**Танзаниа** 1 Јануари 1995
**Тајланд** 1 Јануари 1995
**Того** 31 Мај 1995
**Тринидад и Тобаго** 1 Март 1995
**Тунис** 29 Март 1995
**Турција** 26 Март 1995
**Унгарија** 1 Јануари 1995
**Уганда** 1 Јануари 1995
**Уругвај** 1 Јануари 1995
**Филипини** 1 Јануари 1995
**Фиџи** 14 Јануари 1996
**Финска** 1 Јануари 1995
**Франција** 1 Јануари 1995
**Хаити** 30 Јануари 1996
**Хрватска** 30 Ноември 2000
**Холандија** - 1 Јануари 1995
**Хондурас** 1 Јануари 1995
**Хонг Конг, Кина** 1 Јануари 1995
Чад 19 Октомври 1996
**Чиле** 1 Јануари 1995
**Џибути** 31 Мај 1995
**Џорџија** 14 Јуни 2000
**Шпанија** 1 Јануари 1995
**Шри Ланка** 1 Јануари 1995
**Шведска** 1 Јануари 1995
**Швајцарија** 1 Јули 1995